


# Колку се училиштата по мерка на детето?

*Документ за политики за степенот до којшто Северна Македонија добро ги искористува расположливите ресурси за образование.*

## РЕЗИМЕ

*Северна Македонија се соочува со криза во учењето, а постигнувањата на учениците се под просекот на учениците од Западен Балкан, ЕУ и ОЕЦД. Соседните земји постигнале подобри резултати од учењето со малку повисоки нивоа на расходи за образованието. Длабоките демографски промени, вклучително и опаѓањето на стапката на наталитет, миграцијата и зголемената урбанизација, без поголеми прилагодувања на мрежата на основни училишта, резултираше со тоа некои училишта да имаат недоволно искористен простор и наставен кадар. Од друга страна, други училишта се преполнети и немаат доволно наставници и затоа мораат да организираат настава во две или три смени – што веројатно влијае на постигнувањата на учениците. Ваквите промени доведуваат до неефикасна и неправична распределба на ресурсите. Во моментов, 87% од расходите за основно образование се трошат за плати за вработените во училиштата, поради што нема доволно средства за капитални инвестиции, обнова и одржување на објектите во добра состојба, како и инвестиции во професионалниот развој на кадарот. Сето ова се случува во контекст на намалување на севкупните буџетски расходи за образование како процент од БДП и од буџетските расходи. Овој документ нуди докази и препораки за политики за итно подобрување на ефективноста и ефикасноста на мрежата на основни училишта, истовремено обезбедувајќи правичен пристап до училиште.*

## КОНТЕКСТ

Аспирациите на Северна Македонија да ја подобри економската конкурентност и да ја забрза интеграцијата во Европската Унија се од клучна важност за да се постигне посигурна, отпорна, одржлива и просперитетна иднина за граѓаните. Постигнувањето на тие цели во голема мера зависи од градењето на работна сила со високи квалификации и развојот на човечкиот капитал. Сепак, според Индексот за човечки капитал (2020)[i] на Светска банка, кој ја проценува продуктивноста на следната генерација работници, споредено со одредницата за целосно образование и здравје – едно дете кое денеска е родено во Северна Македонија ќе има продуктивност од 56 проценти од тоа што би можело да го постигне доколку му биде обезбедено квалитетно образование и биде потполно здраво. Тоа е најниската стапка во Европа и е пониска од просекот на земјите со висок среден приход. Висококвалитетното и правично образование е една од најважните области за креирање нови можности и подобрување на квалитетот на живот за денешните и идните генерации. Тука се поставува прашањето дали училиштата се соодветни за нивната намена за да се обезбеди сигурен и одржлив социо-економски развој и да се подобри благосостојбата на граѓаните во земјата.



И пред пандемијата со КОВИД-19, Северна Македонија се соочуваше со криза во учењето. Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА)[ii] покажа дека резултатите на земјата се под просекот за Западен Балкан, ЕУ и ОЕЦД. И покрај тоа што во 2018 год имаше подобрување во резултатите на учениците споредено со претходните години, над една половина од сите ученици на петнаесетгодишна возраст сè уште не го достигнуваат основното ниво на умешност по читање и математика. Покрај тоа, резултатите од образованието во Северна Македонија се неправични, и учениците во поповолна социо-економска положба и девојчињата имаат подобри резултати од момчињата и учениците во неповолна положба[iii].

**По 11 години поминати на училиште, едно дете во Северна Македонија во просек има образовни резултати еднакви на 7,3 години учење. Тоа е најлош резултат во Европа. Или со други зборови, децата одат на училиште 11 години, но 3,7 години им се залудно потрошени.[iv]**




Затворањето на училиштата и прекинот на образованието поради пандемијата дополнително ја влошија кризата со учењето. Светска банка проценува дека загубата во учењето поради пандемијата може да биде со пад од 6 до 10 поени за средниот резултат за читање според ПИСА (393 во 2018)[v]. Сега, повеќе од кога било, во земјата треба да се преобмислат училиштата, да се возобнови учењето, и да се врати чувството на заедништво и грижливост во училиштата за да може секое дете, без разлика каде живее или дали е богато или сиромашно, да го добива истиот квалитет на учење.

Во последните години, надоврзувајќи се на препораките од Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Северна Македонија, поддржан од УНИЦЕФ, земјата започна реформи во образованието за да може сите деца да го достигнат својот целосен потенцијал. Со реформата се дава централна важност на резултатите на децата од учењето и акцентот се става на подобрено оценување на учениците; поддршка за развивањето на капацитетите на наставниците и нивен кариерен развој; воспоставување на национални стандарди; подобрување на пристапот до квалитетни материјали и помагала за учење; дигитализација; и инвестирање во училишната инфраструктура, вклучително и опрема за поддршка на развојот на практични вештини и стручна обука.

Иако овие заложби ветуваат дека ќе се придонесе за подобрување на резултатите од учењето кај учениците, нивното влијание ќе зависи и од степенот до којшто образовните ресурси (инфраструктура, човечки ресурси и финансиски ресурси) се распределуваат и користат делотворно и правично со цел секое дете во земјата да има пристап до висококвалитетно и правично образование.

## ПРИКАЗ НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА РЕСУРСИТЕ

**Училиштата имаат централно место во образовните системи. Ресурсите за настава и учење со коишто располагаат училиштата во голема мера определуваат колкава ќе биде нивната ефективност за исполнување на ветувањата на образовните реформи за подобрување на резултатите од учењето кај учениците.**

Според Студијата за образованието на Западен Балкан[vi], земјата бележи длабоки демографски промени, вклучително и опаѓање на стапката на наталитет, миграција и зголемена урбанизација. Тоа резултира со преполнетост на некои училишта, и недоволна искористеност на други училишта, каде што понекогаш има повеќе наставен кадар отколку ученици. Училиштата каде раководството, кадарот и одржувањето се вршат според различни ниво на услуги, резултираат со широк опсег на различни образовни искуства и резултати, односно, постои неефикасна и неправична распределба на ресурсите меѓу училиштата.

### 1. Приказ на искористеноста на ресурси – физичка инфраструктура

Мрежата на основни училишта во Северна Македонија е составена од 1,000 училишта, од коишто 363 се централни и 637 се подрачни училишта. Подрачните училишта се раководени од управата на централните училишта, и нивната намена е да се обезбеди образование во пооддалечените урбани или рурални заедници. Иако тие претставуваат две третини од училишната мрежа, во нив учат само 7% од вкупниот број ученици.

**93% од учениците (171,000) посетуваат настава во 363 централни училишта и 7% од учениците (помалку од 12,800) посетуваат настава во 637 подрачни училишта.**[vii]




Сместувањето голем број ученици во релативно малиот број на централните училишта доведува во преполнетост на некои од централните училишта. Поради тоа, училишното раководство треба да воведе настава во две смени. **Две третини од централните училишта (240) држат настава во две смени а четири училишта мора да ја прошират наставата во три смени (или со воведување настава меѓу-смени).**[viii]




Во ситуација кога најголем број училишта држат настава во две смени, тоа е и една од причините зошто учениците во Северна Македонија добиваат помалку часови настава. Од друга страна, тоа ги ограничува ширината и длабочината на наставата и можностите за дополнителни предмети или дополнителни часови за учениците.




**На шестгодишна возраст, првачињата во Северна Македонија имаат едно од најниските нивоа на планирано време за настава (552 часа) меѓу 79 земји што учествуваат на ПИСА. Додека достигнат четиринаесетгодишна возраст, овие ученици ќе имаат околу 900 часа помалку настава од просекот за учениците низ земјите на ОЕЦД**.[ix]

За да се надмине овој предизвик, реформата на основното образование има за цел да се зголеми бројот на часови за настава. Но за да се зголеми бројот на часови, училиштата треба да создадат услови за работа во една смена.

Со реформата е предвидено и ревидирање и воведување нови образовни стандарди, вклучително и стандарди за училишна инфраструктура и опрема, како и за пристапност и безбедност. За да се исполнат овие стандарди треба да се приспособи физичката инфраструктура – преку дополнителни инвестиции или пренамена на недоволно искористените згради.

## 2. Приказ на искористеност на ресурсите - човечки ресурси

Во Северна Македонија бројот на наставници е во постојан раст, додека бројот на ученици и големината на паралелките опаѓа.




**Во последните две децении, соодносот ученик-наставник е намален од 18 ученици на еден наставник (2000/2001) на 10 ученици на еден наставник (2019/2020). Кога ќе се земе предвид и ненаставниот кадар, во некои училишта има повеќе кадар од ученици.** Податоците за резултатите од ПИСА за Западен Балкан[x] посочуваат дека малата големина на училиштата и нискиот сооднос ученик-наставник не влијаат на подобрување на резултатите од учењето. Од друга страна, нискиот сооднос ученик-наставник негативно влијае на ефикасноста на училишната мрежа.



Во развиените земји на ОЕЦД просечниот соодност ученик-наставник изнесува 15, а во ЕУ 13.5. Дури и во соседните земји, Србија[xi] и Црна Гора[xii], тој соодност е повисок и изнесува 14.5 и 15. **Сепак, во Северна Македонија во над половина од општините, просечниот број ученици по наставник е меѓу 5 и 10.** Покрај тоа, училиштата со најнизок соодност на ученик-наставник во земјата, имаат помалку од пет ученици по наставник.[xiii]

| Соодност ученик-наставник (2019/2020) | Број на општини |
|---|---|
| 1-5 | 10 |
| 5-10 | 43 |
| 10-15 | 24 |
| 15-20 | 3 |

Кога ќе се земе предвид големината на паралелките, Законот за основно образование (2019) предвидува дека во секоја паралелка треба да има најмалку 20 ученици. **Сепак, само 13 општини (16%) го исполнуваат овој услов а повеќето општини се со просечна големина на паралелките од 10-15 ученици.** Во некои училишта, особено во пооддалечените места, може да биде оправдано да има помали паралелки, за да се обезбеди правото на образование на секое дете во рамките на својата заедница. Носителите на одлуки треба да балансираат помеѓу ефикасноста и правичноста.

**% од општините според просечна големина на паралелка**




Поради демографските промени, во одредени општини недостасуваат наставници, а во други има недоволна искористеност на човечките ресурси. Покрај тоа, околу 9% од наставниците се пред пензионирање.

**Стареење на наставниот кадар**




Подеталната анализа на структурата на наставничкиот кадар на општинско ниво, исто така посочува на загрижувачки недостаток на наставници кои се квалификувани да ја исполнат визијата за образовната реформа. На пример, има недостиг од квалификувани наставници за одделенска настава споредено со наставници за предметна настава. И меѓу наставниците за предметна настава недостасуваат наставници кои се квалификувани за настава по математика, физика или хемија, во споредба со наставници по предмети од општествените науки. Училиштата со настава на мајчин јазик различен од македонскиот јазик, се соочуваат со дополнителни предизвици за приспособување на наставниот кадар.

Дополнително, проекциите покажуваат дека вкупниот број ученици и понатаму ќе бележи опаѓање. Иако ефикасноста на училишната мрежа можеби ќе се избалансира преку постепеното пензионирање на наставниците, сепак ќе биде потребно да се преструктурираат ресурсите за да се одговори на диспаритетите на општинско ниво.

**Проекција за вкупен број ученици**




### 3. Приказ на искористеност на ресурсите – финансиски ресурси

Во земјата се троши помалку за образованието за разлика од просекот на меѓународно ниво, но и овој процент е во опаѓање. Со 3.7 проценти од БДП во 2018,[xiv] јавното трошење за образованието во Северна Македонија е најниско во Западен Балкан[xv] и многу пониско од просекот од 5.2 проценти од БДП во ОЕЦД[xvi] или од просекот од 4.9 проценти во 27 земји-членки на ЕУ.[xvii] **Меѓу 2011 и 2016 година, во Северна Македонија јавното трошење за образованието како процент од БДП опадна од 4.6% на 3.7%. и процентот од вкупниот владин расход што се распределува за образованието исто така е намален од 13.3% на 11.6%.**[xviii]

**Финансирање на образованието (сите нивоа) како процент од БДП (годишно)**



Според ОЕЦД[xix], компаративната анализа на кумулативното трошење по ученик, наспроти резултатите од учењето (резултати на ПИСА тестот по читање) покажува дека иако ќе биде важно да се зголеми финансирањето за да се подобрат образовните резултати, исто така има простор во Северна Македонија да се постигнат подобри резултати со ресурсите коишто веќе се инвестирани. **Земјите од соседството успеваат да достигнат повисока стапка на учество и подобри резултати од учењето со слични нивоа на расходи за образованието. Тоа посочува дека постојат можности за да се подобри ефикасноста на трошењето за образованието.**

Централната власт им доделува средства на општините за да ги покријат оперативните трошоци за училиштата. Постоечката финансиска формула за овие трансфери се состои од паушал за секоја општина и стандардна сума по ученик, со додатоци за густина на население, број на ученици во предметна настава[xx] и број на ученици со попреченост. Формулата обезбедува повисок износ по ученик за малите училишта, за да се компензираат повисоките трошоци кои произлегуваат поради неможноста за економија на обем. Ваквата структура на формулата не стимулира подобрување  на ефикасноста на трошењето, ниту пак заштеди преку економија на обем преку консолидација на училиштата. Напротив, формулата всушност фаворизира мали основни училишта, најверојатно поради фактот што околу 44 проценти од основните училишта имаат помалку од 100 ученици. Проблемите произлегуваат кога нема доволно средства за да може многуте мали училишта да се одржуваат во добра состојба, да се направат пристапни, или да се исплатат плати за кадарот кој е потребен за да работи училиштето. Дополнително на тоа, постоечката формула за финансирање има за цел да ги заштити училиштата во општини со мала густина на населението, но ова резултира со помали паралелки, кои се поскапи за одржување. И покрај официјалната формула за финансирање опишана погоре, во пракса,  износот на средствата што ги добива општината за финансирање на основното образование се утврдува врз основа на износот од претходната година и договореното покачување на платите. [xxi] Следствено, бројот на ученици и густината на населението имаат речиси незначителна улога во утврдувањето на износот на средствата. Затоа, општините со надолни демографски трендови немаат финансиски поттик за да направат соодветни прилагодувања на кадарот, консолидирање на училиштата и исполнување на образовните и инфраструктурните стандарди.

84% од владините трансфери за образование за општините се трошат за покривање на платите на наставниците и стручните соработници. Со зголемувањето на платите од 2021 година, овој процент се зголеми на 87%, додека со договореното дополнително покачување од 2022 година, овој процент би можело да достигне дури 91%. Ова ќе ја влоши состојбата со недоволно средства за капитални инвестиции, периодични трошоци за обнова и одржување на објектите во добра состојба, како и инвестирање во професионалниот развој на кадарот, и за други оперативни трошоци, што ќе доведе до неодржлива финансиска состојба.

**Расходи за основно образование, 2010-2020**




Анализата на трошењето по ученик во рурални и урбани училишта посочува на значителни диспаритети. Разликите во трошењето меѓу руралните училишта се највпечатливи – општината со највисоките расходи по ученик троши речиси 15 пати повеќе споредено со општината со најмали расходи по ученик.

**Разлики во трошењето по ученик (МКД)**




Како заклучок, постоечката формула за финансирање на основните училишта е неодржлива и резултира со голема нееднаквост во распределбата на ресурсите.

Приказите на инфраструктурните, човечките и финансиските ресурси на основните училишта посочуваат на неодложна потреба да се зајакне ефективноста и ефикасноста на распределбата на ресурси во Северна Македонија, и особено за поголеми напори за оптимизација на училишната мрежа и ревидирање на финансирањето.

**Која е цената доколку не преземеме ништо**

Доколку итно не се преземат мерки за да се оптимизира мрежата на основни училишта и да се ревидира формулата за финансирање на основното образование, училишната инфраструктура ќе продолжи да биде несоодветна за исполнување на националните образовни стандарди. Несоодветниот состав и распределеност на училишниот кадар нема да може кај учениците да ги развие вештините и знаењата кои се потребни на пазарот на трудот и за зголемување на продуктивноста на работната сила. Во контекст на продлабочена фискална криза, ќе дојде момент кога нема веќе да може да се одржи тековната мрежа на основни училишта и  тековните нивоа на финансирање. Затоа, иницијативата за оптимизирање на училишната мрежа всушност претставува обид да се овозможи образовниот систем да пружа висококвалитетно и правично образование. Со други зборови – да стане соодветен за намената и одржлив.

## НАСОКИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

Владата на Северна Македонија е свесна за горенаведените предизвици и е посветена на истражување методологии и пристапи за оптимизација на мрежата на основни училишта и ревидирање на формулата за финансирање за да се подобри ефективноста и ефикасноста на трошењето за основното образование. Во рамките на тој процес, Владата може да го земе предвид следното:

- **За подобрување на резултатите од учењето кај учениците ќе биде корисно да се зголеми финансирањето за основното образование и негово поефикасно трошење**. Тоа не само што ќе го зголеми квалитетот на образованието, туку нивото на јавно трошење за образованието ќе се приближи повеќе до нивоата во ЕУ. Заложбите за оптимизација на основното образование ќе треба да вклучат и зголемени јавни инвестиции во образованието, вклучително и приспособување на инфраструктурата и инвестирање во човечките ресурси.

- **Со оптимизацијата на училиштата треба да обезбеди дека училишната мрежа одговара на локалната демографска реалност, со потребните прилагодувања за правичност**. Со процесот треба да се утврдат оптималните начини за подобра распределба на ограничените средства, за да може секое основно училиште да обезбеди образование според националните образовни и инфраструктурни стандарди и закони. Оптимизацијата треба да воспостави правичен систем за основно образование, да создаде еднакви услови за настава во сите училишта, да им овозможи на училиштата да одржуваат повеќе часови настава и да обезбеди ефикасна распределба на ресурсите.

- **Општинските планови треба да се засноваат на унифициран индекс за училишна оптимизација, составен од три димензии:** 1) Фискална – вклучително и платите и другите оперативни трошоци; 2) Инфраструктурна – вклучително и потребите за инвестиции и реновирање; и 3) Образовна - големина и структура на паралелките, образовни резултати и капацитети на наставниците. Плановите би претставувале патоказ за приспособување на инфраструктурните и образовните капацитети, вклучително и проширување на училишната мрежа и ресурсите во општините каде што тоа е потребно, реорганизација на училишната мрежа и паралелките, и во некои случаи и можна пренамена на недоволно искористените училишни објекти за да се задоволат други локални потреби. Во некои случаи, ќе биде потребна преквалификација на наставниот кадар за да се одговори на неадекватната структура и распределеноста на наставниот кадар. За да се подобри квалитетот на наставата, треба да се создадат можности за континуиран професионален развој и напредок во кариерата преку унапредување во наставници - ментори и наставници - советници. Овие напори треба да се приоретизираат во услови на зголемен број училиштен кадар, а намален број ученици.

- **Оптимизацијата треба да се спроведува паралелно со ревидирањето на формулата за финансирање на основното образование**, со цел да се подобри ефикасноста, да се подобрат резултатите и да се обезбеди дека распределбата на средства за општините и училиштата се заснова на објективни критериуми и е правична. Ревизијата треба да се заснова на трошоците по ученик за да се исполнат образовните стандарди во различни контексти (на пр.:  урбани/рурални,  и исто така со оглед на економијата на обем што е во полза на поголемите училишта). Тоа ќе овозможи наставата да се одвива во соодветни и пристапни објекти коишто се соодветно опремени и одржувани. Истовремено, тоа ќе им овозможи на училиштата да ангажираат оптимален број и состав на наставен, стручен и технички кадар.

- **Треба да се вклучи компонента за поддршка на континуираниот професионален развој на наставниците,** да се стимулира примена на иновативни наставни практики и поддршка за транзицијата на избран наставен кадар на новите улоги како стручни соработници. Формулата треба да вклучува зголемување на процентот за училиштата кои остваруваат подобри резултати од година во година, за да се поттикнат и мотивираат училиштата да преземаат активна улога во подобрувањето на резултатите од учењето кај учениците.

- **Формулата за финансирање треба да обезбеди правичност**, вклучително преку воведување соодветна распределба на средства за превоз на ученици кои живеат далеку од училиштата, инклузија на деца со посебни образовни потреби, настава на јазиците на помалите етнички заедници, субвенциониран пристап до онлајн образовни ресурси за учениците од домаќинствата во неповолна положба, воведување програми за обезбедување училиштен оброк за да се сузбие сиромаштијата и да се опфати и несоодветната исхрана. Треба да се воспостават механизми за да се обезбеди дека финансиските средства добиени за конкретна намена, како што е обезбедување пристапност за учениците со попреченост или набавка на дигитални алатки за ученици на кои им се потребни, навистина се користат за да се подобрат условите за овие ранливи групи. Исто така, властите треба да воспостават принципи со кои ќе се осигура правичноста за децата кои живеат во пооддалечени региони. Тоа би можело да вклучи, на пример, заложба дека децата до трето одделение ќе може да учат во нивната локална средина, или утврдување на максимално растојание на училиштето од детето.

- **Со ревидирањето на формулата за финансирање треба да се предвиди компонента за прилагодување на транзицијата**, со што ќе се ограничат годишните промени во финансирањето по општина, и ќе им се даде време на општините да ја усогласат училишната мрежа со плановите за оптимизација. Една опција е да се воспостави преоден период од 5 години, притоа финансирањето да не се менува за повеќе од ±10% на годишно ниво, за да се избегнат големи шокови.

- **Процесот треба да биде партиципативен за да се земат предвид сите перспективи.** Промените треба да се планираат и спроведуваат во тесна координација со општинските власти, училишниот кадар, родителите, учениците и другите засегнати страни.

- **Процесот на оптимизација на училиштата треба да се спроведува заедно со ажурирањето на националните стандарди за училишна инфраструктура, опрема и наставни помагала.** Во земјата постојат подзаконски акти за образовните стандарди за просторот, опремата и наставните средства, но истите се застарени и треба да се усогласат со релевантните меѓународни одредници и нови трендови во образованието, како што се дигитализацијата и инклузивното образование.
- За да се носат политики базирани на докази потребен е подобар систем за мониторинг и евалуација**. Потребно е зајакнување на капацитетите и системите за собирање и анализа на податоци на национално и локално ниво.** Училиштата, општините и Министерството за образование и наука треба да собираат, известуваат и анализираат финансиски, образовни и други податоци на усогласен начин.

## ПОДДРШКА ОД УНИЦЕФ

Во соработка со Светска банка, УНИЦЕФ го поддржа Министерството за образование и наука да ја подобри адекватноста, ефикасноста и ефективноста на јавните расходи за основно и средно образование, преку поддршка за ревидирање на владините трансфери до општините кои ги финансираат училиштата. Буџетот за 2022 година, подготвен во согласност со ревидираната формула за финансирање, предвидува зголемување на трансферите за основно образование до општините за осум милиони американски долари. Благодарение на универзалната природа на промената и распределбата на средства по ученик, за училиштата да ги исполнат образовните стандарди, таа ќе придонесе за подобар пристап и вклучување на најранливите деца, вклучително и оние со попреченост, од етнички малцинства и децата од посиромашни домаќинства. Новата формула за финансирање обезбедува доволно средства за соодветно одржување на училиштата, соодветни инвестиции во опрема и наставни помагала, професионална обука и кариерен развој на училишниот кадар, како и зголемен број на стручни соработници. Доколку Владата формално ја одобри новата формула и продолжи да ја користи, до 2026 година се предвидува дека средствата што им се префрлаат на општините за основно образование ќе се зголемат за 35%, што ќе претставува голем исчекор во приближувањето на јавните расходи за образование до нивоата на ЕУ и ОЕЦД.

УНИЦЕФ го поддржа и развивањето на иновативен индекс за оптимизација на мрежата на основните училишта и нивните човечки и останати ресурси, како и изготвувањето на 80 општински планови за оптимизација на училиштата. Индексот за оптимизација на училиштата мери колкав е јазот за секое основно училиште и општина за исполнување на националните образовни и инфраструктурни стандарди, и да се премостат јазовите помеѓу фактичките трошоци по ученик и трошоците неопходни за да се исполнат стандардите. Врз основа на вредноста на индексот, УНИЦЕФ поддржува подготовка на детален план за приспособување на инфраструктурните и образовните капацитети за секоја општина, додека финансиската ефикасност ќе се подобри со употребата на новата формула за финансирање на училиштата. Преку плановите за оптимизација се утврдуваат начини за подобрување на распределбата на ограничените ресурси за да им се овозможи на сите основни училишта да одржуваат настава во согласност со националните стандарди, закони и образовни концепти. Со спроведувањето на овие планови ќе се воспостави правичен систем за основно образование; ќе се придонесе за еднакви услови за настава и ќе се обезбеди ефикасна распределба на ресурсите. Овие промени ќе бидат од исклучителна важност за премостување на дигиталниот јаз и другите нееднаквости, вклучително и оние на врз база на род, етничката припадност и попреченост.



# ФУСНОТИ И РЕФЕРЕНЦИ

[i] World Bank (2020), Human Capital Project. Достапно на: https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital

[ii] European Commission, OCED, UNICEF (2020) Education in the Western Balkans. Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/education/education-in-the-western-balkans_764847ff-en

[iii] European Commission, OCED, UNICEF (2020) Education in the Western Balkans. Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/education/education-in-the-western-balkans_764847ff-en

[iv] World Bank (2020), *Human Capital Project*. Available at: https://www.worldbank.org/en/publication/human-capital

[v] World Bank (2021) *North Macedonia Special Focus Note: Primary Education - Seize the opportunity to build back better.* Достапно на: https://documents1.worldbank.org/curated/en/702191612175099920/pdf/North-Macedonia-Special-Focus-Note-Primary-Education-Seize-the-Opportunity-to-Build-Back-Better.pdf

[vi] European Commission, OCED, UNICEF (2020) *Education in the Western Balkans.* Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/education/education-in-the-western-balkans_764847ff-en

[vii] UNICEF (2021) Unpublished Analysis

[viii] UNICEF (2021) Unpublished Analysis

[ix] OECD (2019) *Reviews of Evaluation and Assessment in Education: North Macedonia.* Достапно на: http://www.oecd.org/education/oecd-reviews-of-evaluation-and-assessment-in-education-north-macedonia-079fe34c-en.htm

[x] European Commission, OCED, UNICEF (2020) Education in the Western Balkans. Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/education/education-in-the-western-balkans_764847ff-en

[xi] Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/sites/72483fab-en/index.html?itemId=/content/component/72483fab-en
[xii] Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/sites/a1ef3bfe-en/index.html?itemId=/content/component/a1ef3bfe-en

[xiii] OECD (2019) *Reviews of Evaluation and Assessment in Education: North Macedonia.* Достапно на: http://www.oecd.org/education/oecd-reviews-of-evaluation-and-assessment-in-education-north-macedonia-079fe34c-en.htm

[xiv] UNICEF, FinanceThink (2018) *Analysis of the public spending on education and on social protection of children in the country. Достапно на: https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2018/12/Policy-study-20.pdf*

[xv] European Commission, OCED, UNICEF (2020) Education in the Western Balkans. Достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/education/education-in-the-western-balkans_764847ff-en

[xvi] World Bank (2017) *Data on Government expenditure on education. Достапно на:* https://data.worldbank.org/indicator/SE.XPD.TOTL.GD.ZS?locations=OE

[xvii] Eurostat (2017) *Public expenditure on education-by-education level and programme orientation - as % of GDP.* Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/educ_uoe_fine06/default/table?lang=en

[xviii] UNICEF (2019) *OECD Review of evaluation and assessment in education in North Macedonia* Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/media/4866/file/OECD%20study%20ENG%20EDU.pdf

[xix] OECD (2019) *Reviews of Evaluation and Assessment in Education: North Macedonia.* Достапно на: http://www.oecd.org/education/oecd-reviews-of-evaluation-and-assessment-in-education-north-macedonia-079fe34c-en.htm

[xx] Предметната настава се одвива од петто до деветто одделение од основното образование, при што учениците следат часови по различни предмети, за разлика од првите четири одделенија, кад што наставата е интегрирана.

[xxi] Jan Herczyński (2019) *Earmarked and Block Grants in Macedonia: Options for Reform.* Достапно на: *https://www.researchgate.net/profile/Jan_Herczynski/publication/334038495_Earmarked_and_Block_Grants_in_Macedonia_Options_for_Reform/links/5d20c166a6fdcc2462c740d5/Earmarked-and-Block-Grants-in-Macedonia-Options-for-Reform.pdf*

**Фонд за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ)**
**Орце Николов 74, 1000 Skopje**
**www.unicef.mk tel: ++389 2 3231150 e-mail: skopje@unicef.org**
**Следете го UNICEFMK на Facebook, Twitter, Instagram, YouTube**